**УЖ-1.бр.247/2024**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: м-р Виолета Илиевска - претседател на советот и судиите Светлана Костова и м-р Емрије Зубери Амити - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски- судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот М.Ч. од Гостовар и жалбата на тужителот Д.Ч. од Гостивар изјавени против Пресудата на Управниот суд У-6.бр.551/2023 од 18.12.2023 година, за пристап до информации од јавен карактер, на седницата на советот одржана на ден 06.03.2026 година, донесе:

14.05.2026
08 263

## Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот М.Ч. од Гостовар и жалбата на тужителот Д.Ч. од Гостивар СЕ УВАЖУВААТ.

Пресудата на Управниот суд У-6.бр.551/2023 од 18.12.2023 година СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно судење пред Управниот суд.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-6.бр.551/2023 од 18.12.2023 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителите М.Ч. и Д.Ч двајцата од Гостивар против Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-263 од 17.07.2023 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот М.Ч. од Гостивар поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување пред Управниот суд.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот Д.Ч. од Гостивар поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата да се укине и предметот да се врати на повторно одлучување пред Управниот суд.

Тужениот орган во одговор на жалба изнесе дека наводите во жалбата се неосновани, дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и на Вишиот управен суд му предлага да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди пресудата на Управниот суд.

Вишиот управен суд по проучување на списите на предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорот на жалба, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 79 став 1 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбите се основани.

Во конкретниот случај тужителите М.Ч. и Д.Ч од Гостивар на ден 25.08.2023 година поднеле тужба до Управниот суд со која го оспориле

Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-263 од 17.07.2023 година со кое жалбата изјавена од М.Ч. и Д.Ч од Гостивар поднесена против Решението на Судски совет на Република Северна Македонија број 11-1143/23 од 08.06.2023 година, заведена во Агенцијата под бр.08-263 од 04.07.2023 година по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер се одбива како неоснована и се потврдува Решението на Имателот на информации број 11-1143/23 од 08.06.2023 година.

Постапувајќи по тужбата на тужителот Управниот суд со Пресуда У-6.бр.551/2023 од 18.12.2023 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителите М.Ч. и Д.Ч двајцата од Гостивар против Решението на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-263 од 17.07.2023 година. Во образложението на пресудата Управниот суд навел дека оспореното решение на тужениот орган е законито и дека со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е незаконита.

Според член 70 став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019) суштествена повреда на одредбите на постапката постои кога Управниот суд во текот на постапката не применил или неправилно применил некоја одредба од овој закон или на друг закон што ја регулира постапката, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна одлука. Согласно став 3 од истиот член погрешно утврдена фактичка состојба постои кога судот некој решителен факт погрешно го утврдил односно не го утврдил. Според став 4 од истиот член нецелосно утврдена фактичка состојба постои кога на тоа укажуваат фактите или доказите што странката без успех ги предложила во текот на постапката.

Според член 40 став 6 од истиот закон, за расправата се води записник.

Согласно член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015) суштествена повреда на одредбите на парничната постапка секогаш постои, ако: 14) пресудата има недостатоци поради кои не може да се испита, а особено ако изреката на пресудата е неразбирлива, ако противречи сама на себеси или на причините за пресудата, или ако пресудата воопшто нема причини или во неа не се наведени причините за решителните факти или тие причини се нејасни или противречни, или ако за решителните факти постои противречност меѓу она што во причините на пресудата се наведува за содржината на исправите или записникот за исказите дадени во постапката и самите тие исправи или записникот.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби Вишиот управен суд смета дека Управниот суд при донесувањето на обжалената пресуда направил суштествена повреда на одредбите на постапката од член 70 став 2 од Законот за управните спорови, а во врска со член 40 став 6 од истиот закон и член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка, бидејќи пресудата на Управниот суд има недостатоци и не може да се испита.

Имено во воведот на обжалената пресуда Управниот суд навел дека истата е донесена по одржана јавна расправа на ден 15.12.2023 година во присуство на тужителите и претставници на тужениот орган, а во образложението на пресудата е

наведено дека судот ја одржал јавната расправа на ден 15.12.2023 година и судот ги навел наводите истакнати од присутните тужители и претставникот на тужениот орган дадени на расправата како и доказите што ги извел на самата јавна расправа врз основа на што и била донесена обжалената пресуда.

Меѓутоа со увид во списите на предметот на Управниот суд, Вишиот управен суд констатира дека во списите недостасува Записникот за одржана јавна усна расправа на ден 15.12.2023 година, во смисла на одредбата од член 40 став 6 од Законот за управните спорови иако првостепениот суд во содржината на пресудата се повикува на одржана јавна расправа по чие заклучување ја донел својата пресуда.

Во оваа смисла Вишиот управен суд најде дека во случајот е нејасно дали била одржана јавна расправа и доколку како што е наведено во пресудата на Управниот суд истата била одржана на датумот наведен во пресудата дали за ова процесно дејствие бил составен записник што е задолжителен во смисла на одредбата од член 40 став 6 од Законот за управните спорови.

Од овие причини Вишиот управен суд најде дека обжалената пресуда на Управниот суд треба да се укине поради суштествена повреда на одредбите на постапката од член 70 став 2 од Законот за управните спорови и член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка

При повторното постапување и одлучување, Управниот суд треба ги има во предвид укажувањата дадени од страна на овој суд, да ги отстрани недостатоците на постапката на кои му е укажано, правилно и целосно ја утврди фактичката состојба и согласно одредбите од Законот за управните спорови и Законот за пристап до информациии од јавен карактер да донесе правилна и законита одлука.

Од изложеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението согласно член 80 став 2 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 06.3.2026 година под УЖ-1.бр.247/2024.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/АН

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Судски службеник